Врз основа на член 41 и 93 став 1 од Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, Собранието на акционери на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, на седницата одржана на ден 17.10.2022 година, ја донесе следната:

ОДЛУКА
за изменување на Статутот
на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје

Член 1

Во Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, пречистен текст од 26.05.2021 година, во член 72-а алинеја 1 зборовите: „ Дирекција Мрежа на експозитури" се заменуваат со зборовите :„ Дирекција Корпоративно банкарство".

Во алинеја 2 зборовите: „Дирекција Корпоративно банкарство" се заменуваат со зборовите: „ Дирекција Мрежа на експозитури".

Член 2

Одлуката стапува на сила со денот на добивање на согласност од Гувернерот на Народна Банка на Република Северна Македонија и по нејзиното усвојување од Собранието на Банката.

Член 3

Се овластува Надзорниот одбор на Банката да врши измени и дополнување на оваа одлука, во случај да има потреба.

Член 4

Се овластува Надзорниот одбор на Банката да подготви пречистен текст на Статутот на банката.

СО бр.0201/5-9/2022
17.10. 2022 година

СОБРАНИЕ
ПРЕТСЕДАВАЧ

Образложение
за потребата од изменување на Статутот

Со измените на Статутот се врши промена во поделбата на надлежностите и одговорностите помеѓу членовите на Управниот одбор. Промената во поделбата на надлежностите и одговорностите се врши со цел поефикано управување со одделни сегменти на работењето на Банката.

Имено, со промената Главниот Извршен директор/Претседател на Управниот одбор е одговорен за работата и на Дирекција Корпоративно банкарство. Имајќи во предвид дека Главниот Извршен директор/Претседател на Управниот одбор во рамките на постојните надлежности е одговорен и за Дирекцијата Банкарство за население што вклучува планирање и координирање на кредитни операции за население, интегрирањето на одговорноста за работата и на Дирекција Корпоративно банкарство ќе придонесе за унапредување на процесите во кредитирањето на Банката. Повеќегодишното искуство на Главниот Извршен директор/Претседател на Управниот одбор во корпоративното банкарство и во креирањето на банкарски продукти и пакети на банкарски услуги, ќе влијае во креирањето на унифициран пристап кон нови клиенти и ефикасна вкрстена продажба на кредитни продукти на физички и правни лица.

Дополнително, одговорноста и надлежноста за Дирекцијата Мрежа на експозитури се пренесува на Извршниот директор кој е одговорен и за работата на Дирекција Стратешки клиенти. Неговото долгогодишно работење во банката, познавање на специфичностите на бизнис економијата во Република Северна Македонија, постоечката клиентска база и посебно стратешки клиенти на Банката ќе ги унапреди клиентските односи преку концептот на директна продажба на банкарските продукти и концептот Личен банкар кон постоечките и нови клиенти.